Годишната работна програма
на ЗАЕДНО ПОСИЛНИ
е финансирана од
Европската Унија

ЗАЕДНО ПОСИЛНИ
Здружение за поддршка на
луѓето што живеат со ХИВ
Скопје

# Обезбедување на антиретровирусните лекови во Северна Македонија

## Прирачник за застапување и за следење на процесите



Здружение за поддршка на луѓето што живеат со ХИВ – ЗАЕДНО ПОСИЛНИ

Скопје

# ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА АНТИРЕТРОВИРУСНИТЕ ЛЕКОВИ ВО СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

ПРИРАЧНИК ЗА ЗАСТАПУВАЊЕ И ЗА СЛЕДЕЊЕ НА ПРОЦЕСИТЕ


**Обезбедување на антиретровирусните лекови во Северна Македонија**
**Прирачник за застапување и за следење на процесите**

**Издавач:**
Здружение за поддршка на луѓето што живеат со ХИВ – ЗАЕДНО ПОСИЛНИ Скопје

**Уредник:**
Андреј Сених

**Лектура:**
Татјана Б. Ефтимоска

**Графичка обработка:**
Бранко Гаштеовски

Овој материјал е изработен во рамки на регионалниот проект „Одржливост на сервисите за клучните популации во регионот на Источна Европа и Централна Азија“ (#SoS_project 2.0), а е дел од работната програма на ЗАЕДНО ПОСИЛНИ за 2023 година, која е поддржана од Европската Унија. Содржината е единствена одговорност на Здружението ЗАЕДНО ПОСИЛНИ Скопје и не ги одразува ставовите на Европската унија или на Глобалниот фонд.

# Содржина

I. ВОВЕД ... 3
II. ФАЗИ НА ПРОЦЕСИТЕ НА НАБАВКА НА АРВ ТЕРАПИЈА И МЕХАНИЗМИ ЗА СЛЕДЕЊЕ И ЗАСТАПУВАЊЕ ... 4
a. ПРВА ФАЗА – Фискални документи и буџетски циркулар ... 5
i. Стратешки приоритети – краток осврт ... 5
ii. Фискална стратегија – краток осврт ... 6
iii. Буџетски циркулар и усогласување на буџетските барања – краток осврт ... 8
b. ВТОРА ФАЗА – Легислативна постапка ... 9
i. Поднесување на предлог – буџетот до Владата ... 9
ii. Законодавна постапка за усвојување на предлог-буџетот ... 10
iii. Изготвување и усвојување на Програмата за ХИВ ... 14
c. ТРЕТА ФАЗА – Набавка на АРТ ... 15
i. Подготвителни активности за јавната набавка на АРТ ... 15
ii. Јавен повик за набавка на АРТ ... 16
iii. Реализација на договорите за јавна набавка ... 18
III. ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕАЛИЗИРАНИТЕ ЧЕКОРИ ЗА ЗАСТАПУВАЊЕ И СЛЕДЕЊЕ НА ПРОЦЕСИТЕ ПОВРЗАНИ СО НАБАВКАТА НА АРТ ... 20
IV. РЕФЕРЕНЦИ ... 21

# I. ВОВЕД

Во овој Прирачник се изложуваат начини и механизми за следење на процесите поврзани со обезбедувањето на антиретровирусните лекови („АРТ“[1]) кои се потребни за лекување на лицата што живеат со ХИВ во Република Северна Македонија и за застапување за посигурно и поефикасно обезбедување на терапијата. Прирачникот е изработен земајќи ги предвид позитивните законски прописи во Република Северна Македонија кои се меродавни за обезбедувањето на АРТ.

Почнувајќи од 2011 година, паричните средства за АРТ се обезбедуваат директно од Буџетот на Република Северна Македонија, а се распределуваат преку Програмата за заштита на населението од ХИВ („Програма за ХИВ“) за чие спроведување е одговорно Министерството за здравство. За процесот на самата набавка на лековите одговорна е Клиниката за инфективни болести и фебрилни состојби во Скопје.

Прирачникот е првенствено наменет за внатрешна употреба на Здружението ЗАЕДНО ПОСИЛНИ Скопје, кое како здружение на пациенти со ХИВ, редовно ги следи процесите на обезбедување на АРТ и има интерес тие да бидат соодветни на потребите, навремени и ефикасни. Содржината е хронолошки поставена, следејќи го вообичаениот тек на процесите поврзани со обезбедувањето на АРТ. Во зависност од тоа на што поконкретно се однесуваат активностите на застапувањето и во која фаза од релевантните процеси, образложените чекори или механизми за застапување и следење се поделени на **задолжителни и опционални**. Се подразбира дека Здружението би требало да ги преземе оние задолжителните, во согласност со своите можности и капацитети, додека опционалните опфаќаат активности што може да придонесат позитивно во зависност од дадениот контекст. Предвидена е и временска рамка односно период кога одредените чекори или механизми треба да се спроведат од страна на Здружението.

Прирачникот, исто така, предвидува и методологија за анализирање на прибраните податоци и изложување на резултатите во завршен извештај, во кој треба да се идентификуваат можностите за подобрување на процесите за обезбедување АРТ, како и на застапувањето за нивно унапредување.

[1] За потребите на овој Прирачник, кратенката АРТ ќе се користи за антиретровирусни лекови, иако вообичаено се користи за антиретровирусна терапија.

# II. ФАЗИ НА ПРОЦЕСИТЕ НА НАБАВКА НА АРВ ТЕРАПИЈА И МЕХАНИЗМИ ЗА СЛЕДЕЊЕ И ЗАСТАПУВАЊЕ

Со цел вистински да се ефектуира правото на здравствена заштита, кое вклучува не само пристап до лекови, туку и пристап до современа терапија, застапувањето за обезбедување соодветен буџет за Програмата за ХИВ и/или квалитетното спроведување на процесите за набавка на АРТ треба да започне уште во раната фаза на планирање на буџетските средства за Републиката. Во таа насока, овој Прирачник целиот циклус на следење и застапување го дели во три фази, кои се понатаму поделени на пот-фази, како што следи:

I. **Прва фаза** – која започнува од усвојувањето на стратешките приоритети на Владата на Република Северна Македонија до поднесувањето на предлог-буџетот за наредната година до Владата на Република Северна Македонија („Владата“).

II. **Втора фаза** – која започнува од поднесувањето на предлог-буџетот за наредната година до Собранието до објавување на Програмата за ХИВ во Службен весник на Република Северна Македонија.

III. **Трета фаза** – која започнува од објавувањето на Програмата за ХИВ во Службен весник на Република Северна Македонија до пристигнувањето на терапијата во Клиниката за инфективни болести.




### а. ПРВА ФАЗА – Фискални документи и буџетски циркулар

#### i. Стратешки приоритети – краток осврт

Согласно член 13 од Законот за буџети[2], еден од основните документи за подготвување на буџетот на Република Северна Македонија се **стратешките приоритети**. Стратешките приоритети претставуваат збир на цели и иницијативи коишто буџетските корисници задолжително ги вклучуваат во своите буџети преку владините програми и потпрограми. **Стратешките приоритети ги усвојува Владата најдоцна до 15 декември во тековната година и се однесуваат најмалку за наредните 5 години**. Таквите стратешки приоритети се најчесто области коишто се генерални и општи (на пр. Подобрување на сообраќајната инфраструктура и подобро поврзување со државите од Западен Балкан). Стратешките приоритети се важни за буџетите на буџетските корисници, бидејќи буџетските корисници (како Министерството за здравство) треба да предвидуваат програми и активности кои, по правило, се во насока на исполнување на стратешките приоритети.

[2] Законот за буџетите (објавен во "Службен весник на Република Македонија" бр.64/05, 4/08, 103/08, 156/09, 95/10, 180/11, 171/12, 192/15, 167/16 и "Службен весник на Република Северна Македонија" бр.151/21).

1. Усвојување на стратешките приоритети: чекори за следење и застапување

| | |
|---|---|
| **Следење (ноември - 15 декември)** | **ЗАДОЛЖИТЕЛНИ ЧЕКОРИ**<br>• Следење на медиумски објави, извештаи и прилози за процесот на усвојување на стратешките приоритети.<br>• Следење на официјалната веб-страница на Влада, со цел проверка на усвоените стратешки приоритети. |
| **Застапување (октомври - ноември)** | **ОПЦИОНАЛНИ ЧЕКОРИ**<br>• Здружување со други пациентски организации и платформи за заедничко дејствување.<br>• Испраќање дописи до Влада, Министерство за финансии и Министерство за здравство, со предлози за стратешки приоритети кои се на иста линија со мисијата и/или визијата на Здружението.<br>• Одржување состаноци со Влада, Министерство за финансии и Министерство за здравство, со цел застапување за усвојување на стратешки приоритети за здравствена политика. |

2. Дополнителни информации и насоки

Бидејќи стратешките приоритети се општи, предлогот за стратешки приоритет треба да е поопшт и да го опфаќа целиот сектор во кој што се вршат активности на застапување, во случајов, во здравството. Напорите треба да дојдат од што повеќе чинители (граѓански организации) коишто делуваат во областа на здравството и ги имаат усогласено своите цели во процесот, со цел да се додели тежина на самото застапување.

Важно е да се напомене дека **оваа фаза на подготвување на буџетот е многу затворена за консултација** со надворешни чинители, па можностите за застапување се многу мали.

**ii. Фискална стратегија – краток осврт**

Фискалната стратегија претставува документ на Владата на Република Северна Македонија доставен до Собранието на Република Северна Македонија, во кој се презентирани претпоставките за макроекономските проекции и насоките на фискалната политика за тековната и за следните пет години.[3] Поконкретно, фискалната стратегија предвидува какви приходи и расходи ќе има Република Северна Македонија, по конкретни буџетски корисници. Пред изготвување на конечната фискалната стратегија, Министерството за финансии објавува план со временски рокови за подготовка на фискалната стратегија, кој се доставува до матичните буџетски корисници[4], со цел да спроведе консултација со буџетските корисници за нивните потреби.

Во определен период од планот, секој буџетски корисник треба да достави до Министерството за финансии фискални проекции за неговите финансиски обврски. Владата ја донесува фискалната стратегија, најдоцна до 30 април во тековната година и истата ја доставува до Собранието на Република Северна Македонија и до Фискалниот совет. Она што е

[3] Член 16 од Законот за буџети.

[4] План за рокови за донесување на Фискална стратегија на Министерство за финансии за 2023 година, достапен на следната веб-страница: https://finance.gov.mk/wp-content/uploads/2023/02/PLAN-WITH-TIME-DEADLINES-FOR-THE-PREPARATION-OF-A-FISCAL-STRATEGY-13.01.2023-2.pdf .

најважно е дека фискалната стратегија вклучува и анекс кој ги содржи максималните износи на одобрени средства по матичен буџетски корисник за наредните 5 години.[5] Веднаш по донесувањето од страна на Владата на Република Северна Македонија, Министерството за финансии ја објавува фискалната стратегија на својата веб-страница.

1. Усвојување на фискалната стратегија: чекори за следење застапување

| Чекор | Активности |
| --- | --- |
| **Следење (јануари - април)** | **ЗАДОЛЖИТЕЛНИ ЧЕКОРИ**<br>• Барања за пристап до информации од јавен карактер до Министерство за здравство, Министерство за финансии или Влада, со цел да се дознае доделениот максимален износ на Министерството за здравство<br>• Следење на медиумски објави, извештаи и прилози за усвојување на фискалната стратегија.<br>• Следење на веб-страницата на Министерството за финансии, со цел проверка на успешноста на застапувањето за фискалната стратегија |
| **Застапување (континуирано)** | **ЗАДОЛЖИТЕЛНИ ЧЕКОРИ**<br>• Испраќање на дописи до Министерството за здравство и Министерството за финансии со конкретни износи и нивно образложение<br>• Координативни состаноци со Клиниката за инфективни болести за координирано застапување<br>**ОПЦИОНАЛНИ ЧЕКОРИ**<br>• Состаноци со Министерство за здравство (министер, државен секретар, Сектор за финансиски прашања итн.) и Министерство за финансии (министер, државен секретар, Сектор за буџети и фондови - Одделение за буџет и буџетска политика) за застапување за максималниот износ на Министерството за здравство<br>• Одржување прес-конференции и/или јавни собири, доколку предвидениот максимален износ за Министерството за здравство не е базиран врз одредена анализа и/или е недоволен<br>• Јавни настапи на медиуми за нагласување на важноста на секторот |

2. Дополнителни информации и насоки

Временската рамка за преземање на чекори за застапување зависи од планот со временски рокови за подготовка на фискалната стратегија, спомнат погоре. Па така, во период кога активностите се случуваат во Министерството за финансии, согласно планот, чекорите за застапување треба да се насочени кон Министерството за финансии, или доколку активностите се случуваат во буџетскиот корисник (Министерството за здравство), чекорите за застапување се преземаат кон Министерството за здравство. За таа цел, потребно е ригорозно следење на временскиот план за изготвување на фискалната стратегија и временско планирање на чекорите за застапување согласно истиот.

Со оглед на фактот што во оваа фаза на буџетскиот процес се предвидуваат максималните износи на буџетските корисници, ова е еден од клучните периоди кога треба да се застапува за зголемување на буџетот на Министерство за здравство, и следствено, на Програма за ХИВ. Треба да се внимава дека иако застапувањето е во насока на зголемување на буџетот

[5] Член 17 став 5 од Законот за буџети.

на Министерството за здравство, секогаш треба да се нагласува дека таквото можно зголемување треба да се однесува за уживање на здравствената заштита на пациентите (односно конкретно за Програмата за ХИВ во делот на лекувањето), а не за останати расходи на Министерството.

**Напорите во овој дел од процесот препорачливо е да се направат заеднички од повеќе чинители** (граѓански организации) коишто делуваат во областа на здравството и ги имаат усогласено своите цели во процесот, со цел да се додели тежина на самото застапување.

### iii. Буџетски циркулар и усогласување на буџетските барања – краток осврт

По изготвување на Фискалната стратегија и за планирање на расходи, Министерството за финансии испраќа инструкции, во форма на буџетски циркулар, за составување на барање за буџетски средства до буџетските корисници односно Министерството за здравство **најдоцна до 1 јуни тековната фискална година**. Согласно член 29 став 4 од Законот за буџетите, раководителот на буџетскиот корисник е одговорен за распределба на максималните износи на одобрени средства за единките корисници.

1. Буџетски циркулар: чекори за следење и застапување

| | |
|---|---|
| **Следење (јуни - август)** | **ЗАДОЛЖИТЕЛНИ ЧЕКОРИ**<br>• Испраќање барања за пристап до информации од јавен карактер, со цел да се дознае колку парични средства се планирани да се распределат во • Програмата за ХИВ |
| **Застапување (мај - август)** | **ЗАДОЛЖИТЕЛНИ ЧЕКОРИ**<br>• Испраќање дописи до Министерство за здравство, со конкретни износи и нивно образложение во однос на Програмата за ХИВ<br>**ОПЦИОНАЛНИ ЧЕКОРИ**<br>• Одржување состаноци со Министерот за здравство, државниот секретар и раководителот на буџетскиот корисник, со цел застапување за буџетот на Програмата за ХИВ<br>• Координативни состаноци со Клиниката за инфективни болести за застапување за буџетот на Програмата за ХИВ<br>• Одржување прес-конференции и/или јавни собири, доколку буџетот за Програмата за ХИВ не е базиран на анализа, не е доволен и/или е составен нетраспарентно |

## b. ВТОРА ФАЗА – Легислативна постапка

### i. Поднесување на предлог – буџетот до Владата

По изготвување на предлог-Буџет, Министерството за финансии го доставува предлогот до Владата на усвојување. Владата го доставува предлог-буџетот на државата, заедно со предлог закон за извршување на буџетот, до Собранието на Република Северна Македонија **најдоцна до 15 октомври во тековната година**. Во пракса, овој рок се пробива и предлог-буџетот се доставува подоцна. На пример, предлог-буџетот на Република Северна Македонија за 2024 година беше доставен до Собранието на 15.11.2023 година.[6]

[6] Информацијата е достапна на следниот веб-линк: https://www.sobranie.mk/detali-na-materijal.nspx?param=cd767d54-d9ad-4a3e-8cd0-d2e0aa63c316 .

1. Буџетскиот процес во Владата: чекори за следење и застапување

| | |
|---|---|
| **Следење (септември - 15-ти октомври** | **ЗАДОЛЖИТЕЛНИ ЧЕКОРИ**<br>• Испраќање барање за пристап до информации од јавен карактер до Владата, со цел да се дознае предложениот износ на Програмата за ХИВ во Предлог-Буџетот<br>• Следење на медиумски објави, соопштенија и прилози за буџетот<br>• Следење на веб-страницата на Влада за текот на процесот |
| **Застапување (септември - 15-ти октомври)** | **ОПЦИОНАЛНИ ЧЕКОРИ**<br>• Застапување во Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество за буџетот на Програмата за ХИВ и побрзо изготвување на предлог-буџетот<br>• Соопштенија до јавност за буџетот на Програмата за ХИВ<br>• Прес-конференции за буџетот на Програмата за ХИВ |

**ii. Законодавна постапка за усвојување на предлог-буџетот**

Седница на Собранието на Република Северна Македонија за предлог-буџетот се одржува по истекот на најмалку 20 дена од денот на доставувањето на предлог-буџетот на државата до Собранието на Република Северна Македонија. Претресот по предлог-Буџетот за наредната година се одвива преку Комисијата за финансирање и буџет и Законодавно-правната комисија, што **може да трае најмногу десет работни дена**.[7] Амандманите коишто се усвоени од Комисијата за финансирање и буџет и Законодавно-правната комисија се испраќаат до Владата. Дополнетиот предлог по претресот во Комисијата за финансирање и буџет и Законодавно-правната комисија го подготвува Владата.

Дополнетиот предлог на Буџетот претставува нов интегрален текст во кој Владата ги вградила амандманите со кои се согласила и потребните изменувања и дополнувања на предлог на Буџетот. Кон дополнетиот предлог на Буџетот се доставува и образложение.[8] Претресот по предлогот на Буџетот, односно по дополнетиот предлог на Буџетот на седница на Собрание трае најмногу пет дена.[9] Собранието на Република Северна Македонија го донесува Буџетот на државата за наредната година најдоцна до 25 декември во тековната година,[10] а Министерството го објавува на својата веб-страница, со сите придружни документи.[11]

[7] Член 180-а став 1 од Деловникот на Собранието на Република Македонија, објавен во „Службен весник на Република Македонија" бр.60/2002, 91/2008, 119/2010, 130/2010, 23/2013 („Деловник на Собрание на Република Северна Македонија").

[8] Член 180-а став 4 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија.

[9] Член 180-б од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија

[10] Член 37 став 6 од Законот за буџети.

[11] Член 37 став 7 од Законот за буџети.


Владата го поднесува предлог-буџетот за наредната година до Собрание најдоцна до 15 октомври во тековната година
Комисијата за финансирање и буџет и Законодавно-правната комисија се надлежни за расправање и претрес на буџетот
Расправата во овие комисии може да трае најмногу 10 дена
Доколку комисиите усвојат амандмани на предлог-буџетот
Владата подготвува Дополнет предлог-буџет, со амандманите кои се прифатени од Владата и нивно образложение, и го поднесува повторно до Собрание
Пленарната расправа трае најмногу 5 дена
Предлог-буџетот се разгледува на пленарна седница на Собрание
Дополнетиот предлог-буџет се разгледува на пленарна седница на Собрание
БУЏЕТОТ Е УСВОЕН И ОБЈАВЕН НА СТРАНАТА НА МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ
Буџетот се усвојува најдоцна до 25-ти декември

1. Законодавниот процес во Собранието: чекори за следење и застапување

| | |
|---|---|
| **Следење (15-ти октомври - 25-ти декември)** | **ЗАДОЛЖИТЕЛНИ ЧЕКОРИ**<br>• Следење на седници на Собрание и надлежни комисии преку собраниски канал<br>• Анализа на стенографски белешки од седници на надлежните комисии и Собранието од расправа на буџетот<br>• Следење на веб-страницата на Министерство за финансии за објавата на Буџетот |
| **Застапување (15-ти октомври - 25-ти декември)** | **ЗАДОЛЖИТЕЛНИ ЧЕКОРИ •**<br>• Испраќање дописи до Комисијата за финансирање и буџет (Претседател на комисија, негови заменици, членови на Комисија) за буџетот на Програмата и поднесените амандмани<br>• Координативни состаноци со членови на Комисијата за финансирање и буџет и пратеници кои се поддржувачи за буџетот на Програмата и поднесените амандмани<br>• Испраќање дописи до Влада за буџетот на Програмата, доколку амандманите поминат во Собрание<br>**ОПЦИОНАЛНИ ЧЕКОРИ •**<br>• Состаноци со Влада, особено со Министерот за здравство, Министерот за финансии и Претседателот на Влада за буџетот на Програмата и поднесените амандмани<br>• Гостувања во ТВ-емисии за буџетот на Програмата<br>• Одржување на прес-конференции за буџетот на Програмата<br>• Организирање на јавни собири за буџетот на Програмата<br>• Соопштенија до јавност за буџетот на Програмата |

2. Дополнителни информации и насоки

При започнување на законодавната постапка за донесување на Буџетот за наредната година, активностите за застапување треба да бидат насочени кон Собранието, **особено кон Комисијата за финансирање за буџет. Целта на таквите активности за застапување е да се предложи и донесе амандман на разделот кој што се однесува на Министерството за здравство, кај потпрограмата Програма за заштита на населението од СИДА, доколку износот во Предлог-буџетот не соодвествува со потребите на Програмата за ХИВ**. Ова застапување е особено важно, бидејќи доколку амандманот не помине во Комисијата за финансирање и буџет, застапувањето кон Владата за прифаќање на усвоениот амандман е беспредметно. Доколку амандманот помине во Комисијата, наредните активности за застапување треба да бидат насочени кон Владата, со цел да ги прифатат усвоените амандмани од Комисијата и истите да влезат во Дополнителниот-предлог Буџет за наредната година. Важно е да се напомене дека делувањето треба да се одвива паралелно, и кон Комисијата за финансирање и буџет и кон Владата.

### iii. Изготвување и усвојување на Програмата за ХИВ

Програмата ја изготвува Министерството за здравство, односно координаторот на Програмата за ХИВ. Согласно член 16 став 3 од Законот за здравствената заштита, Владата е надлежна за усвојување на здравствените програми, вклучително и Програмата за ХИВ.[12]

Согласно важечките законски прописи, не постои конкретен рок кога Министерството за здравство или Владата треба да ја изготви односно усвои Програмата за ХИВ. Според досегашната пракса, Програмата се изготвува во ноември-декември, а се усвојува кон крајот на декември или во првите денови на јануари. Понекогаш, усвојувањето на здравствените програми може да се одолжи до февруари во тековната година. Откако ќе се усвои, Програмата за ХИВ се објавува во Службен весник на Република Северна Македонија.

1. Подготвување и усвојување на Програмата за ХИВ: чекори за следење и застапување

| | |
|---|---|
| **Следење (јануари - февруари)** | **ЗАДОЛЖИТЕЛНИ ЧЕКОРИ**<br>• Следење на веб-страницата на Влада за седници и точки на дневен ред<br>• Следење на изданија на „Службен весник на Република Северна Македонија“ за усвоената Програма |
| **Застапување (ноември - февруари)** | **ЗАДОЛЖИТЕЛНИ ЧЕКОРИ**<br>• Писмена и/или усна директна комуникација со координаторот на Програмата за ХИВ за побрзо изготвување на Програмата<br>• Застапување за изготвувањето на Програмата за ХИВ преку Националната комисија за ХИВ<br>• Дописи до Министерство за здравство за побрзо изготвување на Програмата и поинклузивен процес на самото изготвување (вклучување на граѓански организации) |

### c. ТРЕТА ФАЗА – Набавка на АРТ

### i. Подготвителни активности за јавната набавка на АРТ

Согласно Програмата за ХИВ, со години наназад, договорен орган за набавка на АРТ е ЈЗУ Клиника за инфективни болести и фебрилни состојби. Пред донесување на одлуката за јавна набавка, вработените во Советувалиштето за ХИВ/СИДА при Клиниката за инфективни болести изработуваат проценка за проценетата вредност на набавката на АРТ, во согласност со Планот за јавни набавки на Клиниката, или ја прилагодуваат проценатата вредност од Планот, доколку постојат промени. Покрај Планот за јавни набавки, проценката се изработува согласно Програмата и следствено, јавната набавка се објавува согласно доделените средства за третман и следење на ХИВ-инфекција од Програмата. Доколку постојат несогласувања помеѓу Програмата, Планот за јавни набавка и проценката, Планот и проценката се усогласуваат со Програмата. Проценката ја потпишува раководителот на Одделот за ХИВ/СИДА. Изработката на проценката мора да претходи на донесувањето на одлуката за јавна набавка. Оваа проценка се врши **најдоцна 15 дена после објавувањето на Програмата** и од страна на Одделот за ХИВ/СИДА се испраќа до референтот за јавни набавки и до менаџментот на Клиниката. Директорите на Клиниката носат одлука за јавна набавка на

[12] Закон за здравствената заштита, објавен во „Службен весник на Република Македонија“ бр. 43/12, 145/12, 87/13, 164/13, 39/14, 43/14, 132/14, 188/14, 10/15, 61/15, 154/15, 192/15, 17/16, 37/16, 20/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/19, 153/19, 180/19, 275/19, 77/21, 122/21, 178/21 и 150/22.

**АРТ во рок од 5 дена по добивање на проценката, односно 20 дена по објавување на Програмата за ХИВ во Службен весник на Република Северна Македонија**. Во одлуката за јавна набавка директорите на Клиниката може да ја задолжат комисијата за јавни набавки да спроведе технички дијалог со економските оператори, со цел да добие одредени предлози и коментари на објавената тендерска документација. Краен рок за поднесување на огласот во Електронскиот систем на Бирото за јавни набавки **е 10 дена после датумот на одлуката за јавна набавка**.

1. Планирање и отпочнување на јавната набавка: чекори за следење и застапување

| | |
|---|---|
| **Следење (јануари - март)** | **ЗАДОЛЖИТЕЛНИ ЧЕКОРИ**<br>• Следење на процесот на изработка на проценката преку директна комуникација со Одделот за ХИВ/СИДА и/или преку барања за пристап до информации од јавен карактер<br>• Следење на процесот на донесување одлука за јавна набавка и објавување на огласот преку директна усна и/или електронска комуникација со Одделот за ХИВ/СИДА или преку следење на веб-страница за Бирото за јавни набавки<br>• Следење на процесот на технички дијалог, доколку истиот се случи, преку директна комуникација со Одделот за ХИВ/СИДА или преку барање за пристап до информации од јавен карактер |
| **Застапување (ноември - февруари)** | **ЗАДОЛЖИТЕЛНИ ЧЕКОРИ**<br>• Одржување на консултативен состанок во месец октомври/ноември со фармацевтски компании кои дистрибуираат антиретровирусни лекови со цел поефикасно спроведување на јавната набавки<br>• Директна усна и/или електронска комуникација со Клиниката за побрзо изработување на проценката од Клиниката за инфективни болести и вклучување на претставници од Здружението за нејзина изработка<br>• Директна усна и/или електронска комуникација со Клиниката за побрзо донесување на одлуката за јавната набавка и објавување на огласот |

### ii. Јавен повик за набавка на АРТ

Јавниот повик за набавка се спроведува електронски, со отворена постапка, со спецификација на потребни лекови за лекување на лицата што живеат со ХИВ. Постапката трае 30 дена од објава на повикот на страницата на електронскиот систем за јавни набавки и најчесто единствениот критериум, покрај поднесување на потребните документи од повикот, за оценка на понудите е најниската понудена цена. Со тендерската документација се предвидува дека лековите кои ќе бидат испорачани ќе имаат валиден рок на траење – **не пократок од 12 месеци од денот на приемот на лекот**.[13] Со тендерската документација неопходно е да се предвиди дека за нерегистрираните лекови ќе се обезбеди дека лековите се со потребниот гарантиран квалитет. За таа цел, во согласност со објавите од последните неколку години, со понудата економскиот оператор треба да достави одобрение за ставање во промет во земја членка на ЕУ, Норвешка, Швајцарија, САД, Канада или Јапонија или доказ дека лекот се наоѓа **на листата на претквалификувани лекови на Светската здравствена организација или доказ дека се наоѓа на листата на одобрени и условно одобрени антиретровирусни лекови на агенцијата за храна и лекови на САД** (Approved and Tentatively Approved Antiretrovirals in Assosiation with the President's Emergency Plan[14]).

[13] Ова барање се однесува на тендерската документација за јавната набавка спроведена за 2023 година.
[14] Листата е достапна на: https://www.accessdata.fda.gov/scripts/cder/daf/index.cfm?event=pepfar.page .

Отворањето на понудите **е јавно**. Постапката завршува со доделување на **договор за јавна набавка**. Доколку во текот на постапката за јавна набавка најповолната понуда е со цена повисока од износот на средства утврден во одлуката за јавна набавка, **Клиниката може да ја измени одлуката и да дообезбеди средства потребни за реализација на договорот**, под услов врз основа на спроведена анализа да утврди дека истото е економски поисплатливо од повторување на постапката и понудената цена да не го надминува вредносниот праг пропишан за видот на постапката согласно со Законот. Во спротивно, **јавната набавка за соодветната ставка се поништува и процесот започнува одново**.

1. Чекори за следење на повикот за јавна набавка на АРТ

| | |
|---|---|
| **Следење (март - мај)** | **ЗАДОЛЖИТЕЛНИ ЧЕКОРИ**<br>• Следење на отварањето на понудите, со присуство на претставник на Здружението на отварањето<br>• Следење на процесот на јавна набавка преку писмена и усна комуникација со Клиниката<br>• Следење на последните препораки од Светската здравствена организација за лекување на ХИВ |

2. Дополнителни информации и насоки

За време на отварањето на понудите, претставникот од Здружението треба да ги забележи следните информации:

1. Број на понудувачи за секој лек кој е предмет на јавна набавка;
2. Производител и дистрибутер за секој лек кој е предмет на јавна набавка; и
3. Понудените цени од дистрибутерите за секој лек и разликата, доколку постои, од проценетата вредност на секој лек.

Врз основа на забележените податоци, Здружението може да направи проценка на можните финансиски компликации поради превисоки понудените цени, како и на квалитетот на здравствена заштита на пациентите во предложената финансиска рамка.

**iii. Реализација на договорите за јавна набавка**

Клиниката и нејзините вработени ја следат реализацијата на договорите за јавна набавка на АРТ односно исполнувањето на договорните обврски од договорите за јавна набавка од страна на дистрибутерите. Следењето на реализацијата на договорите за набавка на АРТ вклучува:

- **Квалитативна и квантитативна контрола и надзор над испораката на лековите** – сообразност на лековите со спецификацијата, содржина на фактурите – рокови на испораката, количина и цена, контрола на пропишаната придружна документација – за оваа контрола и надзор е задолжено одговорното раководно лице на Клиничката аптека;
- Контрола на фактурите во делот на износите и динамиката и роковите на плаќање, за што е задолжен Секторот за сметководство;
- Координација со Министерството за здравство во согласност со процедурите и постапките кои тоа ги предвидува – за овој сегмент е задолжен Одделот за ХИВ/СИДА, односно Советувалиштето.

1. Чекори за застапување и следење на реализацијата на договорите за набавка на АРТ

**Следење (јуни - септември)**

**ЗАДОЛЖИТЕЛНИ ЧЕКОРИ**

- Испраќање барања за пристап до информации од јавен карактер, со цел да се дознае и/или добие: избран дистрибутер за секој лек; производител на секој лек кој што е предмет на договорот за јавна набавка; резултати од спроведена аукција; вкупната цена со ДДВ за сите лекови одделно и број на пакувања и ; придружна документација, особено испратница за лекови и за пуштање на промет на лекови
- Комуникација со Одделот за ХИВ/СИДА за реализацијата на договорите за јавна набавка на АРТ, со цел да се дознае време на испорака, рок на траење на доставените лекови, избрани лекови наспроти доставени лекови итн.

Пример: Листа на проверка (чек-листа) за барањата за пристап до информации од јавен карактер

| Р.бр. | Потребна информација |
|---|---|
| 1 | Избран дистрибутер на секој лек којшто е предмет на јавна набавка |
| 2 | Производител на секој лек којшто е предмет на договор за јавна набавка |
| 3 | Резултати од спроведена аукција, доколку е применливо |
| 4 | Вкупна цена (со ДДВ) за сите лекови одделно |
| 5 | Број на пакувања кои се предмет на јавна набавка |
| 6 | Придружна документација кон доставените лекови (пр. испратница, документ за пуштање во промет на лековите итн.) |

# III. ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕАЛИЗИРАНИТЕ ЧЕКОРИ ЗА ЗАСТАПУВАЊЕ И СЛЕДЕЊЕ НА ПРОЦЕСИТЕ ПОВРЗАНИ СО НАБАВКАТА НА АРТ

По завршувањето на циклусот на обезбедување на АРТ, односно по доставување на антиретровирусните лекови до Клиниката за инфективни болести, вработените од Здружението кои презеле чекори на застапување во и/или следење на процесите за набавка на АРТ треба да изготват извештај. Извештајот треба да се осврне на следниве елементи:

- Текот на проценка и планирање на потребните средства за лекови;
- Процесот на утврдување и усвојување на буџетот за Програмата за ХИВ и на буџетот за лекови во рамките на Програмата за ХИВ;
- Планирањето и подготвувањето на јавната набавка за лекови;
- Спроведувањето на јавната набавка;
- Реализацијата на договорите за јавна набавка.

Дополнително, извештајот вклучува и:

- Преглед на обезбедените лекови со нивните производители, дистрибутери, понудена цена со ДДВ;
- Анализа на трошоците за АРТ по производ (за месечно пакување и за вкупната обезбедена количина), по комбинација (трошок за пациент за еден месец и за вкупната обезбедена количина), просечен трошок за АРТ по пациент месечно и годишно (т.е. 12 месеци), доделена сума на дистрибутери; и
- Заклучоци и препораки до надлежните институции за подобрување на процесите и отстранување на пропусти.
- Препораки за наредниот циклус на следење на процесите поврзани со набавката на АРТ.

Извештајот ќе се изработува за тековната усвоена Програма за ХИВ и сите процеси поврзани со истата. Извештајот ќе се изготвува во наративен формат, со табели и анализи на прибираните податоци.

# IV. РЕФЕРЕНЦИ


- **Законот за буџетите** (објавен во "Службен весник на Република Македонија" бр.64/05, 4/08, 103/08, 156/09, 95/10, 180/11, 171/12, 192/15, 167/16 и "Службен весник на Република Северна Македонија" бр.151/21);
- **Законот за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2022 година** (објавен во Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 287/2021);
- **Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер** (објавен во „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 101/19);
- **Законот за здравствената заштита** (објавен во „Службен весник на Република Македонија" бр. 43/12, 145/12, 87/13, 164/13, 39/14, 43/14, 132/14, 188/14, 10/15, 61/15, 154/15, 192/15, 17/16, 37/16, 20/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 101/19, 153/19, 180/19, 275/19, 77/21, 122/21, 178/21 и 150/22);
- **Законот за Собрание на Република Северна Македонија** (објавен во „Службен весник на Република Македонија" бр. 104/2009 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 14/2020, 174/2021, 298/2021, 67/2022 и 65/2023);
- **Законот за Влада на Република Северна Македонија** (објавен во „Службен весник на Република Македонија" бр. 59/00, 12/03, 55/05, 37/06, 115/07, 19/08, 82/08, 10/10, 51/11, 15/13, 139/14, 196/15, 142/16 и 140/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 98/19 и 317/20);
- **Законот за организација на органите на државната управа** (објавен во „Службен весник на Република Македонија" бр. 58/2000, 44/2002, 82/2008, 51/2011, 96/2019 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 110/2019);
- **Законот за јавни набавки** (објавен во „Службен весник на Република Македонија" бр. 24/2019 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 87/2021);
- **Законот за лекови и медицински помагала** (објавен во „Службен на Република Македонија" бр. 106/2007, 88/2010, 36/2011, 53/2011, 136/2011, 11/2012, 147/2013, 164/2013, 27/2014, 43/2014, 88/2015, 154/2015, 228/2015, 7/2016, 53/2016, 83/2018, 113/2018, 245/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 28/2021, 122/2021 и 60/2023);
- **Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија** (објавен во „Службен весник на Република Македонија" бр. 91/2008, 119/2010, 130/2010, 23/2013, 54/2013 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 152/2019);
- **Програмата за заштита на населението од ХИВ-инфекција за 2022** (објавена во „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 33/2022 и 91/2022); и
- **Програмата за заштита на населението од ХИВ-инфекција за 2023** (објавена во „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 32/2023).

ЗАЕДНО
ПОСИЛНИ

Здружение за поддршка на
луѓето што живеат со ХИВ

Скопје